ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 114/2017
21.06 2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

За избор на еден виш научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за опшстествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 16.05.2017 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден виш научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатката, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на доц. д-р Спасенка (Сенка) Анастасова;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и уметничката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

Комисијата во состав: проф. д-р Дона Колар-Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Маја Мухиќ по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Сенка Анастасова, родена на 22.07.1978 годинаво Скопје, дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на Катедрата по општа и компаративна книжевност, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје во 2001 година.

Последипломските студии ги завршува на истиот факултет на Катедрата по општа и компаративна книжевност, насока: теорија и наратологија, во 2005 година. Во 2006 г. завршува специјализација на Универзитеот Гринич од Лондон, на Факултетот по хуманистика и општествени науки – Катедра за креативни, критички и комуникациски студии.

Во 2011 г. докторира на Институтот по филозофија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" со тема: „Популарната култура во Британските културни студии", под менторство на проф. д-р Иван Џепароски и се стекнува со звање – доктор по филозофски науки.

Од 2004 до 2005г. е ангажирана како вонреден научен соработник на Универзитетот Меквори, во Сиднеј, на Катедрата за Постколонијалнидијаспорични заедници. Во периодот од 2005 г. до 2006 г. година таа е ангажирана како вонреден научен соработник на Универзитетот Гринич од Лондон, на Факултетот за хуманистика и општествени науки – Катедра за креативни, критички и комуникациски студии. Во периодот од 2006 г. – 2008 г. избрана е за помлад научен истражувач при Македонската академија за науки и уметности (МАНУ) во Скопје.

Од 2008 г. до денес е извршна директорка на Истражувачкиот центар за општествени науки и уметности од Скопје. Во 2015 г. воспоставува меморандум за научна соработка со Институтот за Уметности во Сан Франциско, Соединети Американски Држави. Истата години станува членка на Американската политичка научна асоцијација (АПСА), во којашто е дел од Бордот на уредувачките политики на истата. Членка е на Американската асоцијација за културолошки студии и на Американската асоцијацина за феминистички политики и економија.

Добитник е на голем број награди, грантови, стипендии.

**Стипендии:**

Во 2004 е добитничка на образовно патување во Австралија, на покана од Универзитетот Меквори, од Сиднеј, Одделот за Англиски и европски студии и одделот за Дијаспорични заедници и комуникации.
Во 2005 – 2006 г. е добитничка на Бритиш Труст стипендија за специјализација во домен на културологијата во Велика Британија.

**Грантови:**

2017 –Marie Curie, ELIAMEP (истражувачки грант за престој и предавање на Sorbonne University, Paris
2016 – Short Scientific Research, European Commission (истражувачки грант за популистичките практики во левото крило во Грција)
2016 – Academy of Science and Literature in Mainz (Research for Young Scientists)
2015 – Mundaneum Museum Research Programme under the European Capital City (Mons, Bergen/ Belgium)
2015 – American Political Science Association Special Research Grant (Political Theory and Populism).
2013- Добитничка на мал грант за престој и предавање на Мертенс Институтот во Амстердам, Холандија.
2013 г. -Добитничка на грант за престој и предавање на Универзитетот Хелсинки, во Хелсинки.

**Награди:**

2001 - Прогласена за најдобар студент на генерација на Филолошки Факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", со просек 9. 78
1995 - Најдобра режија и сценарио (Гран При, на Фестивалот за алтернатива во Кочани)
2006 - Награда за најдобар млад научник во Европа во областа на културологијата (Меѓународен Гран При „Воја Кондиќ", Велика Британија).

## 2. ПРЕГЛЕД И ОЦЕНКА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И УМЕТНИЧКАТА ДЕЈНОСТ

### 2.1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 2.1.1.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Сенка Анастасова од 2012 г. е избрана за научен соработник/доцент на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

**Објавени трудови:**

**Книги**

*Introduction to Feminist Political Economics, upcoming* (Edinburgh University Press, 2019)

*Theory of Contemporary Popular Culture. Introduction to Cultural* Studies (upcoming: Centrifuga, 2017)

*Современа популарна култура* (Теорија, Културни студии, Женска популарна култура) (Центрифуга, 2012)

*Наративни идентитети: Криста Волф и Дубравка Угрешиќ* (Темплум, 2007).

**Публикацивo спијанија**

"Nancy Fraser and South Eastern Politics of Women's Labor Rights" (CUNY Feminist Press, upcoming, 2018)

"Theory of Political Economy of Senses: Poetics of Anita Chari's Marxist Feminism" (Oregon University Press, upcoming 2018)

"Feminist Political Theory, Sustainability, Caring". *Feminist Economics Review* (upcoming, 2018)

",Social Movements and Radical Democracy (Populist Discourses after Trump and Brexit).

"Theory of Digital Economy and Women's rights Labor".*First Monday* (upcoming, September, 2017)

"Feminist Economics and Problems of Women's Work: Economics of Love in Ex-Yugoslavia.*Sunny Press* (upcoming: December, 2017)

„Хистериите на Чиста Дана", *Идентитети.* 2009/2010, Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје.

"Politics ofDecentringIdentity:Cultural,Political,Gender, Identityin*TheMuseumofUnconditionalSurrender*byDubravkaUgresic". *Identities– Journal for Politics, Gender and Culture.*Euro-Balcan. Vol. 6 No 2/3 Summer 2007/Winter 2008 pp. 295 - 315

"Capitalist Narrative System as Data Text. Part 1". *Mirage* 20. December 2008

",Narratology and the phenomena of accumulation: Folders/Archives: From Memory to Event", *Interpretations. Special issue.*

„Theory of Displacement and Re-telling". *Mirage* 17. November 2007

„Literary-theoretical terms and its translation into Macedonian language" (Intermediality). *Mirage* 09. July 2004

„Балкански фусноти" (теориски дискурси). Наше Писмо. 2002 &*Mirage* 03.Септември 2002

„Кожички на Политички и Културен Идентитет" *Маргина* 61/3 2000

**Публикации во зборници:**

"Introduction to Cultural Studies", Glossary of Literary Theory. Macedonian Academy of Sciences and Art (2018).

"Theorizing Popular Culture". 2016. *Reader*: *Popular Culture.* Institute ofMacedonianLiterature.Pp.83-100

"Theory and Politics of Dislocations". 2013.*Reader. Dislocations.* Institute of Literature, International Conference. 29-48

"The Subject of Narration in New Visual Society ".*Glocalisation. Electronic Media in South Eastern Europe*(Collected

papersfromthe1st SkopjeInternationalConferenceinCommunicationStudies:(G)localMediainTransition– theCaseofSouth-Eastern Europe1990–2007). Ed.HolgerBriel.Skopje:Blesok.2009,48-59

"Exploring Practices of Looking"- *Collectedpapersfromthe3rdGlobalConference–VisualLiteracies*,UniversityofOxford, 2009/2010 http://www.inter-disciplinary.net/at-the-interface/education/visual-literacies/project-archives/3rd/session-5a-the-new-view/

„Книжевни поими: Бестселер. Конфигурација. Диспозитив. Префигурација. Рефигурација." Поимник на книжевни термини (уредник, Акад. Проф. д-р Катица Ќулавкова). Скопје. Македонска Академија на Науки и Уметности (МАНУ). 2008 стр. 72-73, 128, 275, 424, 468

**Рецензии на книги**

"DiscoursesofDiaspora.DisplacementandNarratingSubjectin*Monkey'sWedding*byMarcelle Freiman.Anintroduction".*Monkey's Wedding*byM.Freiman,Skopje:*Centrifuga*2009

"TheHystericsofTidyDana"(Essayfor*SanitaryEnigma*byJasnaKoteska).*Identities–JournalforPolitics,GenderandCulture. Euro-Balkan*. 2009, (research JasnaKoteska's blog http://jasnakoteska.blogspot.mk/2010/08/senka-anastasova-clean-danas-hysteria_16.html

"Mutation of Language's Fever" (Essay for *Blind Angle* by KaticaKulavkova).*Sovremenost*, September 2005 pp. 135-141

**Преводи**

„Interdiction: or the Impossibility of Dialogue" by K. V. Tirumalesh (from the book: *Dialogism and Cultural Criticism*. Eds. Clive Thomson and Hans Raj Dua. London, Canada: The University of Western Ontario, Mestengo Press, 1995), in the next edition of the electronic review *Mirage* 2009 (forthcoming)

„Focalisation in Film Narrative" by CelestinoDeleyto (from the book: *Atlantis* 13.1/2 1991, 159-77, ed. S. Onega and J. A. G. Landa,Longman, London and New York, 1996). *Mirage* 12. June 2005

„The Rise of the Hermeneutics" by Wilhelm Diltay. *The Reader: Hermeneutics and Poetics.* Ed. by K. Kulavkova, Skopje: Kultura, 2003

„The Rudiments of A Theory of Aesthetic Response" by Wolfgang Iser. *The Reader: Hermeneutics and Poetics.* Ed. by K. Kulavkova, Skopje: Kultura, 2003

## 2.1.2. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Од 2012 година доц. д-р Сенка Анастасова ги предава предметите "Вовед во студии на културата" - дел од задолжителниот теориски модул на последипломските програми на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје, и ги предаваизборните предмети „Вовед во визуелна култура", „Постколонијална критика", исто така, на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, учеството во работата на бројни истражувања, семинари, работилници и проекти, додипломското образование и завршените постдипломски, специјалистички и докторски студии како и работата во наставно-научната дејност на Институтотзаопштествени и хуманистичкинауки–Скопје, сведочат за упатеноста на доц. д-р Сенка Анастасова во науката и научното истражување.

## 3. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Попрегледувањето наприложените трудови, и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научните истражувања и посветеноста на научната работа и достигнувања на доц. д-р Сенка Анастасова, сериозно се развиваат и напредно се фокусираат во однос на дисциплините и интердисциплинарните области од општествените и хуманистички науки, со специфичен домен на интерес кон студиите по култура, културологијата, политичката теорија и феминистичката критика.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се константира дека: Доц. д-р Спасенка (Сенка) Анастасова има богато искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти, наставно-научна дејност, пишување на научни студии. Нејзината работа и трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата, теориите и епистемологијата во општествените истражувања.

Темите кои ги опфаќа во својата работа, магистерскиот и докторскиот труди досегашната успешна научно-наставнадејностпокажуваат дека кандидатката има значаенпридонесвоопштествените и хуманистичките дисциплини во Македонија и надвор од неа, на меѓународен план.

Откаковнимателнојаразгледаприложенатадокументација, комисијатазаклучи дека доц. д-р Спасенка (Сенка) Анастасовагиисполнуваусловитепредвидени со Законот за научно – истражувачкадејност на РепубликаМакедонија, за избор во научно звање – виш научен соработник(еквивалент: вонреден професор).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на доц. д-р Анастасова, можеме да заклучиме дека таапостигналазначајнирезултати кои имаатвлијание на развојот на науката и практиката во РепубликаМакедонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, доц. д-р Спасенка (Сенка) Анастасова да се избере во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Дона Колар-Панов, редовен професор,
Институт за општествни и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествни и хуманистички науки - Скопје, членка

Д-р Маја Мухиќ, вонреден професор,
Универзитет на Југоисточна Европа- Скопје, член